Катерина Момева

# Маскирани ДуШи

(прва епизода од тв серија, работено за испит прва година
по филмско и тв сценарио)

Проф. СаШко Насев
Скопје 2003

Ликови:

Ели

Зоран

Ацо

Марта

Владо

Ристо

Киро

Зора

Баба Златка

Полицаец

Спикерот

Стјуардеса

СЦЕНА 1

Ентериер во фичо. Ацо и Марта седат во него на предните седиШта. На ретровизорот има обесено портокалева, миризлива книжна елка. Марта со насолзени очи.

МАРТА

Смрди.

Ацо трга од цигарата. Ја кине елката и ја фрла од отворениот прозорец. Марта почнува да плачи.

АЦО

Доста цмиздриШ.

МАРТА

Ме тераШ да си ја продам дуШата на Ѓаволот за парче хартија.

АЦО

Злато.

МАРТА

Железо.

Ацо и ги трие рацете на Марта. Од нивните усни излегува чад.

АЦО

Те молам.

СЦЕНА 2

Ентериер. Владо и Зоран седат на Шанк во Интермецо. Пред нив има големи кригли пиво. Владо на Зоран му дава слики од Ацо и Марта.

СЦЕНА 3

Ентериер.Детска соба. По ѕидовите залепени постери. На креветот седи Марта. До неа е бежичниот телефон.До креветот има масичка. На масичката седи турпија. Таа го зема телефонот. И телефонира на Ели. Телефонот дава сигнал дека ѕвони.

ГЛАСОТ НА ЕЛИ :

Ало.

МАРТА:

Ми треба Зоран.

ГЛАСОТ НА ЕЛИ :

Кој го бара ?

МАРТА:

ПраШај го него.

Го исклучува телефонот.Марта се смее. Марта си ги стружи ноктите

со турпијата.Го зема бежичниот телефон и притиска на редеал.

СЦЕНА 5

Ентериер во црвениот опел. Зоран врви по улица пред куЌата на Марта. Гледа низ прозорецот од колата во осветлениот прозорец од детската соба.

СЦЕНА 6

Ентериер.Станот на Зоран и Ели. Телефонот е на Шанкот. Ели седи кај Шанкот. Пие виски. Телефонот ѕвони. Таа го крева.

ЕЛИ:

Кој се јавува?

МАРТА:

Дај ми го Зоран.

ЕЛИ

Зоран не е дома? Кој го бара?

Марта се смее зад слуШалката.

МАРТА:

Знам дека е дома. Џабе го криеШ.

Ели ја треска слуШалката од телефонот.

СЦЕНА 7

Ентериер.Собата на Марта. Таа го остава телефонот. Станува од креветот. Го отвора плакарот, вади една торба. Ја отвора. Вади алиШта. Некои алиШта ги става во торбата други ги фрла на креветот.

СЦЕНА 8

Ентериер.Зоран влегува во влезот. Потоа влегува во лифтот.Лифтот се движи. Застанува лифтот.Зоран излегува од лифтот. Оди кон црната врата каде пиШува Зоран и Ели Калинови.

СЦЕНА 9

Ентериер.Салон во станот на баба Златка. На ѕидот има фиксен телефон. Ацо во полициска униформа. Телефонира. Се слуШа сигнал дека ѕвони.

СЦЕНА 10

Ентериер.Детската соба на Марта. Таа го затвора куферот. На креветот растурени се алиШтата. Телефонот ѕвони. Марта го бара телефонот во растурените алиШта. Го зема.

МАРТА

Ало.

Ацо од другата страна на слуШалката.

ГЛАСОТ НА АЦО:

Кај беШе?

МАРТА:

ЗоШто се јавуваШ?

ГЛАСОТ НА АЦО:

Се пакуваШ?

МАРТА:

Страв ми е.

ГЛАСОТ НА АЦО:

Прај како Шо ти кажав. Се сретна со него?

МАРТА:

Не е дома.

ГЛАСОТ НА АЦО:

Не си играј со мене играчки оти Ќе те убијам!

Марта го исклучува телефонот.

СЦЕНА 11

Ентериер.Станот на Зоран и Ели. Зоран е во салонот, ги собува чевлите. Ели седи на троседот.ПуШи цигара. На масата има пепелник,
полн со пикавци. Просторијата е зачадена. Зоран влегува во дневната. Ели не реагира. Гледа во телевизорот.

ЗОРАН:

Добровечер.

Ели не му одговара. До неа има чаШа со виски. Јa допива.

ЗОРАН:

Реков добровечер.

Ели станува оди до Шанкот и тура уШте виски. Зоран оди и ја отвора балконската врата.Ели седнува на троседот. Пали нова цигара.

ЗОРАН:

Угасни ја цигарата.

Ели вовлекува дим.

ЕЛИ:

Каде беШе до сега?

ЗОРАН:

На работа.

ЕЛИ:

Сигурно сте имале многу работа.

Ели ја допива чаШата. Зоран сеуШте стои.

ЕЛИ:

Седи!

Зоран седнува.

ЗОРАН:

што ти е тебе.

Ели станува тура уШте едно виски во чаШата и го пие на екс.

ЕЛИ:

ќе му речиШ да престани да телефонира?

ЗОРАН:

На кого?

ЕЛИ:

На твојата Швалерка кретену!

Почнува да ѕвони телефонот.

ЕЛИ:

Не сум јас будала!

Телефонот ѕвони никој не го крева.

СЦЕНА 12

Ентериер. Детската соба на Марта.Таа зборува по телефон со Ацо.

МАРТА:

Ова за мене е измачување.

ГЛАСОТ НА АЦО:

За ниШто не си способна. Сам Ќе го заврШам.

СЦЕНА 13

Ентериер. Ацо во станот на баба Златка. Ацо ја спуШта слуШалката. Повотрно телефонира. Баба Златка ѕирка преку вратата. Телефонот дава сигнал дека ѕвони.

СЦЕНА 14

Ентериер. Детската соба на Марта. Марта го треска телефонот. Нервозна е. Вади од чантата ризли и во хартија марихуана. Ја заклучува вратата од собата.

СЦЕНА 15

Ентериер.Зоран оди кај Шанкот и ги прибира чаШата и ШиШето. Ели пали цигара. Телефонот продолжува да ѕвони. Таа ја поткрева
слуШалката и веднаШ ја спуШта.

ЕЛИ

Знам дека беШе таа.

СЦЕНА 16

Ентериер. Детската соба на Марта. Марта ја пуШи марихуаната. Ѕвони телефонот.

ГЛАСОТ НА АЦО:

Јас сум пак.

Марта не одговара.

АЦО:

Немој да ме заебиШ!

Марта го затвора телефонот. НиШто не одговара.

СЦЕНА 17

Ентериер.Ацо во салонот изнервирано го треска телефонот откако му го затвори Ели.Се судрува со бабата.

АЦО :

ПрислуШкуваШ !?

БАБА ЗЛАТКА :

Не. Ама морам да проверам колку Ќе зборуваШ на телефон. Два месеци ми немаШ платено. Сметки не плаЌаШ. Само Штета ми прајШ. Не можам да искрпам од месец до месец.

Ацо не ја слуШа си влегува во собата и ја треска вратата. Бабата останува и продолжува да си зборува.

БАБА ЗЛАТКА :

Некултура ! Ми ја тресна вратата пред носот. Туку НеШто разговара и преговара.

СЦЕНА 18

Ентериер. Детската соба на Марта. Некој тропа на врата.

ЗОРА :

Марта, добро си ?

МАРТА :

Остај ме на мир ! Учам !

ЗОРА :

Можи да отвориШ ?

МАРТА :

Не.

ЗОРА :

ќе ја отвориШ вратата, или да ја скрШам.

Марта станува и ги отвора прозорците. Зора тропа на вратата.

СЦЕНА 19

Ентериер.Станот на Ели и Зоран. Зоран пие виски на Шанкот. Ели влегува убаво облечена.

ЕЛИ :

Одам на театар. ДоаЃаШ со мене ?

ЗОРАН :

Уморен сум.

ЕЛИ :

Одам да ја гледам преставата Ч Љубовен триаголник Ч.СеуШте не си заинтересиран ?

ЗОРАН :

Не, оди ти. Ти си по тие работи.

ЕЛИ :

Идиот.

Ели излегува и ја треска вратата. Зоран ја откопчува јаката од коШулата и воздивнува.

СЦЕНА 20

Ентериер. Детска соба на Марта. Зора тропа. Марта пали индиски стапчиња и ги отвора книгите пред неа. Ја отвора вратата. Зора влегува.

СЦЕНА 21

Ентериер.Ели влегува во лифтот. Лифтот се движи. Мобилниот и ѕвони. Таа го вади од таШната.

СЦЕНА 22

Владо во полициска станица. Бара во некои фиоки со досиеја. Ја гледа Марта која има досие во полиција. ПиШува дека е фатена со дрога. На досието пиШува дека ја уапсил Ацо.

СЦЕНА 23

Екстериер пред куЌата на Марта. Од прозорецот гледаме дека Марта и Зора се расправаат. Марта ја удира Зора.

СЦЕНА 24

Малечка соба во станот на баба Златка. Еден кревет. Масичка и стари плакари. На креветот е униформата на Ацо. Ацо се наведнува под

креветот и бара неШто со раката. Бабата почнува да тропа.

БАБА ЗЛАТКА :

Отвори ! Кој ти дозволува да се заклучуваШ во мојата куЌа.

Ацо рефлексно станува пред да излези од под креветот и си ја удира

главата од креветот.

АЦО :

Ау !

БАБА ЗЛАТКА :

шо тропна така ? шо криеШ ?

Ацо ја отвора вратата.

БАБА ЗЛАТКА :

Вратата сакам да биди отворена. И да знаеШ Ќе те пријавам во полиција за неплатени сметки. Не ми е гајле Шо си полицаец и јас имам права.

АЦО :

Излегувај оти Ќе ти ја скрШам глата.

Ја турка од собата и ја заклучува вратата.

БАБА ЗЛАТКА :

Ау !

Оди зема две мотики од под креветот.Во црната торба ги става мотиките.  Телефонот ѕвони. Тој го крева.

АЦО :

Ало.

ГЛАСОТ НА ЕЛИ :

Ти си ?

АЦО :

Ти ѕвонев пред малку дома.

СЦЕНА 25

Ентериер. Ели во тегет опел. Зборува на мобилен.

ЕЛИ :

Друг пат јавувај ми се на мобилен.

АЦО :

Размисли .

ЕЛИ :

Да.

АЦО :

ќе одиме.

ЕЛИ :

Да.

СЦЕНА 26

Екстериер пред зградата на Ацо. Ацо го гледаме низ прозорецот, кој нема завеси. Ја зема црната торба, се подготвува да излези.

СЦЕНА 27

Ентериер. Станот на баба Златка. Баба Златка е во салонот. ПрислуШкува зад вратата.

СЦЕНА 28

Ентериер. Тегет опел. Во него е Ели. Ели врви покрај зградата на Ацо. Погледнува во неговиот прозорец. Ја отвора фиоката во колата и проверува дали таму стои пиШтолот. Во фиоката се гледа пиШтол, значка и книШка. Ја отвора книШката. Таму пиШува дека Ели е истражен судија.

СЦЕНА 29

Енетриер. Станот на баба Златка. Во салонот. Баба Златка го ѕирка од вратата на нејзината во салонот. Во салонот Ацо кој го затвора телефонот. Бабата набрзина се трга. Ацо погледнува во вратата, гледа дека е затворена. Влегува во својата соба. Ја заклучува вратата.

СЦЕНА30

Ентериер. Станот на баба Златка. Собата на Ацо. Ацо го отвора прозорецот. Од ЌоШот на надвореШната страна од прозорецот вади две батерии. Ги пика во торбата.Го зема мобилниот и пиШува неШто на него.

СЦЕНА 31

Ентериер. Владо во полициска станица. Разгледува листи со некакви датуми и сатници. Ацо ги заокружува датумите на кои се

испиШани имињата на Ели и Ацо. Владо ја отвора фиоката каде пиШува Александар Поповски. Во неа има слики од Ацо со Марта, и Ацо со Ели.

СЦЕНА 32

Детската соба на Марта.Марта лежи на креветот. До неа е бежичниот

телефон. Телефонот ѕвони. Марта го крева.

МАРТА:

Ало!

Од другата страна на слуШалката се слуШа гласот на Зоран.

ГЛАСОТ НА ЗОРАН :

Марта. Молим те заборави го овај број. Јавувај ми се на мобилен.

МАРТА :

Така ? А како ми е мене, два дена ми се немаШ јавено.

ЗОРАН:

Во 10 биди на старото место. ќе те соберам.

МАРТА :

Злато си. ќе те чекам.

Марта го затвора телефонот и го бакнува Зоран на сликата.

СЦЕНА 33

На екран на телевизор, гледаме вести на Тера телевизија.

СПИКЕРОТ:

Постојат во локалитетот на Хераклеа претзнаци, дека има гробница на богат Римски трговец од тој период, во која може да има закопано антички фамилијарен накит. За тоа Ќе ни зборува...

Се менува каналот.

СЦЕНА 34

Ентериер. Собата на баба Златка. Таа седи на троседот,и го менува каналот. На екранот гледаме Шпанска серија.

СЦЕНА 35

Ентериер. Канцеларија. Биро. Владо ја обива фиоката на која пиШува Ели Калинова. Од фиоката вади плик на кој пиШува: вВо право бевте Што се сомневавте.г Го отвора пликот. Вади црно - бели фотографии од Марта и Зоран. Владо седнува на бирото, ја става раката на челото.

ВЛАДО :

Ова е премногу комплицирано.

СЦЕНА 36

Ентериер. Собата на Ацо. Го гледаме мобилниот на Ацо од блиску.Порака :Љубов моја, знаеШ Што треба да направиШ.Ацо ја пуШта пораката, ја зема торбата и излегува од собата.Ацо е во салонот. Вратата од собата на баба Златка е подотворена. Ацо погледнува низ вратата, баба Златка седи игра пасијанс и гледа Шпанска серија.Додека Ацо ги обува чевлите во салонот баба Златка вика.

ГЛАСОТ НА БАБА ЗЛАТКА :

Два месеци те чекам да ми платиШ кирија. И секој ден Ќе ти повторувам за киријата дури не ми платиШ. Имам син разведен, плаЌа туЃи вонбрачни деца ! Внука ем голема, ем незрела. За сите треба јас да мислам. А ти не си полицаец ! Оти такви како тебе ја водат државата,  зато та пропаЃа. Син ми е без работа. Нема закон ! Нема правда ! Арамии ! Се испокрадовте.

Ацо излегува и ја треска вратата

СЦЕНА 37

Ацо слегува по скалите. Излегува пред зградата. Оди кон фичото.

Пребарува во џебот.Гледа дека ги заборавил клучевите. Тргнува назад.

СЦЕНА 38

Ентериер. Дневна соба. Баба Златка станува по Ацо.Излегува во салонот од станот. Ја отвора влезната врата и гледа дали има

заминато. Ја затвора вратата. Воздивнува. Врти на фиксниот телефон. Ги завртува цифрите 92.

ГЛАСОТ НА ВЛАДО :

Полиција.

БАБА ЗЛАТКА :

Сакам да пријавам некого.

СЦЕНА 39

Ентериер.Полициска станица. Владо со телефонот во раката.

ВЛАДО :

Кажете кого.

ГЛАСОТ НА БАБА ЗЛАТКА :

Еден од ваШите.

СЦЕНА 40

Ентериер.Станот на баба Златка. Баба Златка зборува на телефон.

ГЛАСОТ НА ВЛАДО :

Од наШите ?

Се слуШаат чекори од Ацо. Тој е поблиску до влезната врата.

Баба Златка оди кон влезната врата да слуШни кој се качува.

СЦЕНА41

Ентериер.Владо во полициската станица.

ВЛАДО :

Кажетени кој сакате да пријавите ! ?

СЦЕНА 42

Ентериер. Ацо се качува по скалите. Го гледаме само во нозете од под колена и се слуШа звукот на чевлите.

СЦЕНА 43

Ентериер. Полициска станица. Владо проверува од каде доаЃа повикот.

СЦЕНА 44

Во салонот баба Златка со слуШалката во рацете.

БАБА ЗЛАТКА :

Тој доаЃа.

Баба Златка ја затвора слуШалката. Ацо ја отклучува вратата и влегува.

БАБА ЗЛАТКА : (на Ацо)

ЗоШто се врати ?

АЦО :

Ги заборајв клучојте.

Ацо оди во собата, ги зема клучевите. Зема и мапа од под перницата.

СЦЕНА 45

Ентериер. Полициска станица. Владо ја запиШува адресата од каде доаЃа повикот. ЧРузвелтова бр. 15 Ч Оди кај фиоката на Ацо. Ја отвора. Ја наоЃа адресата на која живее тој, која се совпаЃа со адресата на бабата.

СЦЕНА 46

Ентериер. По улица се движи црвен опел. Вози Зоран, до него е Марта. Зоран носи црна блуза и црни панталони. Марта го гуШка.

ЗОРАН :

шо прајШ ? ! ќе не видат.

МАРТА :

Не ми е гајле.

ЗОРАН :

Тргни се.

Марта се трга. Џвака мастика. Прави балон и ја тегни мастиката.

МАРТА :

Не си интересен.

СЦЕНА 47

Ентериер. Детска соба на Марта. Влегува Зора. Марта ја нема.

ЗОРА :

Марта !

Зора го отвора плакарот. Тој е празен. Во него има само ШиШе од испиено вино. Таа ги проверува фиоките на Марта.

СЦЕНА 48

Екстериер. Надвор пред зграда. Ацо ја отклучува вратата од фичото. Ја става торбата внатре, седнува ја  пали колата и тргнува. Ацо излегува на улица .

СЦЕНА 49

Ентериер. Ели во тегет опел. Вози и гледа слики од Ацо и Марта.

СЦЕНА 50

Марта му ја чепка косата на Зоран. Зоран и ја фаЌа раката.

ЗОРАН :

Прибери се.

Зоран доаЃа право и пред него му  врти фичо. Зоран за малку Што не
го удри Ацо. Зоран нагло  кочи.  Ацо излегува од колата. Оди и му тропа на стаклото од колата на Зоран.

ЗОРАН:

Да не си писнала.

Зоран го отвора стаклото.

АЦО:

Кај возиШ будало!

ЗОРАН:

Кај возиШ ти со таа скапаница.

АЦО: (на Зоран)

Сега не сум на смена, инаку ко Ќе ти лупнев една казна. (на Марта) Маче, собраЌајот денес не е безбедна работа.

Марта ја врти главата на другата страна. Зоран се врти кон неа. Ацо заминува.

ЗОРАН :

Го знајШ од негде ?

МАРТА :

Јас...не...

ЗОРАН :

Сигурна си ?

МАРТА :

Да. ЗоШто ?

ЗОРАН :

Добро кога си сигурна.

МАРТА :

Ај па ти, Шо се нервираШ. Не гледаШ Шо маџар е. ЛуЃето се качија на месечина, тој се тркала со фичо.

ЗОРАН:

ќути !

Зоран ја пали колата. Заминуваат.

СЦЕНА 51

Прозорецот од детската соба на Марта. Зора со еден човек се расправа.

СЦЕНА 52

Ели чека пред репертоарот на театарот. На репертоарот пиШува дека преставата почнува во 21:00 часот.  Корзото е полно со луЃе.

Колите бавно се движат. Поминуваат луЃе и се поздравуваат со неа.

Влегуваат во театарот. На покривот од театарот покажуваат дека

часот е 21:15. Ацо врви покрај репертоарот и врти во темната уличка лево. Ели го гледа. Пред репертоарот нема никого. Вратата ја

заклучуваат. Ели ја преминува улицата. Врти лево во темната уличка. Влегува во фичото.

АЦО:

Пресоблечи се!

ЕЛИ:

Дај

Ацо вади од торбата црна блуза и панталони . Почнува

да вози низ темни улички. Ели ја вади коШулата и ја става црната блуза.

СЦЕНА 53

Ентериер. Владо и Ристо во полициска кола. Се паркираат пред куЌата на Марта. Нејзината детска соба е осветлена.

РИСТО :

ЗоШто толку паничат околу чупето. Излегла да се Шета без да знат нејзините.

Владо ја гасни колата, ниШто не одговара.

РИСТО :

Само на вакви случаи работам од кога сум дојден. шо не се случи неШто големо.

ВЛАДО :

Е Шо ?

РИСТО :

УШте една војна во Тетово.

ВЛАДО :

Ти не си нормален !

РИСТО :

Не сум.

ВЛАДО :

Многу постраШни работи се случват околу тебе. ама ти не можиШ да ги видиШ.

РИСТО :

ВелиШ ?

ВЛАДО :

Ајде излегувај, на должност сме.

СЦЕНА 54

Ентериер. Зора и Киро во детската соба на Марта. Киро со ризлите и ШиШето вино во раката.

КИРО:

Најголема греШка напрајв, Шо те остајв да ја чуваШ.

Влегуваат Владо и Ристо.

ЗОРА:

Гледај си ги жената и децата. Ја знам Шо да прам со Марта.

Киро се обидува да ја удри Зора. Владо го спречува.

ВЛАДО:

Можете да ми покажете слика од Ќерка ви.

Зора му дава слика од Марта. Владо ја гледа.

ВЛАДО:

Таа веЌе има досие кај нас.

Киро се врти кон Зора.

КИРО

За ова не си ми кажала.

СЦЕНА 55

Ентериер. Ристо и Владо во полициската кола.

РИСТО :

шо Ќе прајме сега ?

ВЛАДО :

Незнам.

РИСТО :

Да бараме по дискотеките.

ВЛАДО :

Не верувам дека е таму.

СЦЕНА 56

Екстериер. Ристо и Владо седат пред дискотека во Битола. ЛуЃе излегуваат од дискотеката. Пред кафаната е полициската кола. Владо е потпрен на колата. Од токи-вокито се слуШа глас.

ТОКИ - ВОКИ:

Линија.

Ристо го зема токивокито.

РИСТО:

Линија.

ТОКИ - ВОКИ:

Каде сте?

РИСТО:

Празниме дискотека.

ТОКИ-ВОКИ:

Тргнувајте за Хераклеа. Има илегални копачи.

РИСТО: ( на Владо)

Одиме.

Ристо и Владо влегуваат во полициската кола и тргнуваат на кај Хераклеа.

СЦЕНА 57

Ентериер. Зоран и Марта во колата. Стигнуваат во Хераклеа.

ЗОРАН :

Стигнавме.

Марта се смее.

МАРТА :

шо Ќе прајме. ќе бркаме гуШтери ?

ЗОРАН :

Излегувај !

Излегуваат од колата. Зоран го отвора багажот и вади Ќебе.

СЦЕНА 58

Мрак. Ели и Ацо облечени во црни фармерки и црни блузи се наоЃаат во една нива до Хераклеа . Ја имаат отворено мапата. Ели

свети со батеријата во мапата.

ЕЛИ:

Сигурен си дека е тука?

АЦО:

Да, мацо. Само сега Ќе треба малку да се испотиШ.

Ацо ги вади мотиките од торбата.

СЦЕНА 59

Ентериер. Ристо и Владо во колата. Одат на кај Хераклеа.

РИСТО :

Почнувам да живеам.

ВЛАДО :

Прв пат Ќе пукаШ. Пази.

СЦЕНА 60

Ентериер.Марта и Зоран се наоЃаат во дрвена распадната куЌа Што се

наоЃа во локалитетот на Хераклеа. На земја имаат постелено Ќебе.
По љубовниот чин.Марта  лежи раскопчана Зоран ја облекува блузата. Марта пали цигара. Тргнува и почнува да каШла. Зоран и ја
трга цигарата од устата.

ЗОРАН:

Ај да ојме.

МАРТА:

Сакам уШте да сум со тебе.

ЗОРАН:

Ај, касно е.

МАРТА:

Дој до мене.

ЗОРАН:

Не почнувај пак! Станвај! Ојме!

МАРТА:

Крени ме.

ЗОРАН:

Не ми се верва.

МАРТА:

Ај. Крени ме.

Зоран излегува.

МАРТА:

Чекај.

Марта станува.

СЦЕНА 61

Екстериер. Пред дрвената куЌа во локалитетот. Марта оди по Зоран.

МАРТА :

Чекај !

Зоран застанува.

МАРТА :

шо ти е во последно време ?

ЗОРАН :

Толку си наивна или така се прајШ ?

СЦЕНА 62

Ели и Ацо копаат. Ели ја фрла мотиката.

ЕЛИ:

Го најдов.

Почнуваат од грнето да вадат антички накит. Го клаваат накитот во црно кесе. Ели вади две обетки. Ги става до уШите.

ЕЛИ:

Како ми стојат.

АЦО:

Права ламја.

Се бакнуваат.

АЦО:

Вечер Ќе ти ги редам по целото тело.

ЕЛИ:

Кога треба да ги предај ме.

АЦО:

Утре.

Продолжуваат да се бакнуваат. Ели ги стега обетките во рацете.

СЦЕНА 63

Ентериер. Детската соба на Марта.

КИРО :

Мајка ми имаШе право кога ме убедваШе да ја земам со мене !

ЗОРА :

Да расти со вонбрачните деца на жена ти ! ?

КИРО :

Јас Ќе се грижев за неа.

СЦЕНА 64

Екстериер. Пред влезната врата од куЌата на Марта. На вратата ѕвони баба Златка.

СЦЕНА 65

Полициската кола стигнува до Хераклеа.  Владо и Ристо ги гасат светлата и излегуваат од колата. Владо и Ристо се движат по патот. Не влегуваат во локалитетот.

СЦЕНА 66

Екстериер. Пред куЌата на Марта. Зора и ја отвора вратата на баба Златка.

БАБА ЗЛАТКА :

Можи да влезам.

ЗОРА :

Не заслужуваШ.

БАБА ЗЛАТКА :

Ба бидиме умни барем сега. Мислам дека знам со кој е Марта.

СЦЕНА 67

Ели ја затрупува дупката. Ацо го гледа накитот и го осветлува со батеријата. Ја осветлува дупката.

АЦО:

ЗоШто одма ја закопа. Можи имаШе уШте.

ЕЛИ:

Угасни! ќе не откријат.

Ацо ја гасни батеријата. Ја зема мотиката и почнува да копа.

СЦЕНА 68

Екстериер. Марта и Зоран надвор од куЌата, во локалитетот Хераклеа.Зоран и ја покажува сликата со неа и со Ацо.

ЗОРАН :

Од кај го знајШ ?

СЦЕНА 69 ПАРАЛЕЛНО ДЕЈСТВИЕ

- Ристо и Владо се приближуваат до нивата. Од таму се гледа слаба

светлина. Потоа следува затемнување.

РИСТО: ( на Владо)

Онде светеШе.

Вадат пиШтоли и тргнуваат на кај нивата. Врват низ тревата.

Газат гранки и се слуШа крцкање.

- Ели и Ацо слуШаат. Ацо вади пиШтол. Ели почнува да ги собира

работите. Го зема црното кесе во рацете.Ацо и Ели ги гледаат Ристо и Владо. Ристо и Владо не ги гледаат нив.Ацо пука во нив. Го погодува Ристо во ногата.

- Ристо се витка.

РИСТО:

Ме погоди!

Владо го седнува Ристо на земја.

СЦЕНА 70

Детската соба на Марта. Киро ја гледа сликата од Ацо и Марта. Тука се и баба Златка и Зора.

СЦЕНА 71

Марта и Зоран се надвор. Се слуШа истрел. Марта бега во куЌата. Зоран оди по неа.

МАРТА :

Тој е ?

ЗОРАН :

Кој ?

МАРТА :

Не беШе во план убиство.

ЗОРАН :

шо ?

СЦЕНА 72

Киро чека во полициската станица.

СЦЕНА 73

Ацо и Ели почнуваат да бегаат. На Владо му се треси раката. Пука четири пати едно подруго на кај нив. Ја погодува Ели во увото.

ЕЛИ:

Ау!

Ели вика од болка. Застанува.Ели ја става раката на увото. Раката му е целата во крв. Ацо го зема кесето и и помага.

Продолжуваат да трчаат. Ацо е пред Ели. Побрз е.

ЕЛИ:

Бегај не се врти.

СЦЕНА 74

Зора во детската соба на Марта. Гледа фотографии од неа и од Марта како мала.

СЦЕНА 75

Марта и Зоран ги собираат работите. Се слуШаат истрели четири пати едно по друго.

МАРТА :

ќе ме убие !

ЗОРАН :

Кажи ми Шо се случва !

МАРТА :

Не зборам ниШто ! Не одам нигде !

ЗОРАН :

Тргнувај пред мене.

МАРТА :

Нема !

Во куЌата. Зоран ја фаЌа за рака Марта и ја вади надвор.
Застанува. Гледа двајца како бегаат и одат на кај нив.

ЗОРАН :

Тргни се !

Марта се трга настрана. Зоран излегува пред Ацо и се обидува да го задржи. Ацо паЃа врз него. Му паЃа и црното Ќесе. Ацо му пука во левата рака на Зоран.

ЗОРАН:

Ау!

Марта трча да му помогне.Ацо бега и ја прерипува оградата.
Зоран со десната рака ја држи раната. Марта испаничено плачи.
Зоран крвари.
Марта ги зема сликите од Зоран, на кои се таа и Ацо. Марта вади запалка. Ги пали сликите. Сликите горат.

ЗОРАН:

Ги униШтуваШ доказите, така? Која си ти?

Ели стигнува. Ги гледа Марта и Зоран. Тие не ја гледаат Ели.Ели набрзина претрчува во куЌата и се крие. ВеднаШ доаЃа Владо, тој има вперено пиШтол во Марта и Зоран.

ВЛАДО:

Уапсени сте!

Марта станува.

МАРТА:

За се е тој крив.

Покажува на кај Зоран. Владо гледа во Зоран. До него е црното кесе. Владо го зема. Зоран станува.

ЗОРАН:

Ова е недоразбирање.

- Ели седи во куЌата скриена зад Штици и ги слуШа. Увото и е во

крв.

СЦЕНА 76

Ристо со ранета нога. Го држи токи - вокито и зборува.

РИСТО :

ПуШтете нова кола. Погоден сум.

СЦЕНА 77

Ацо трча. Влегува во фичото. Го пали и заминува.

СЦЕНА 78

Екстериер. Полициска кола заминува од пред полициската станица.

СЦЕНА 79

Владо го зема црното кесе во рацете.Го отвара. Ги вади истите обетки Што ги имаШе Ели.

ВЛАДО: (на Зоран)

А од каде ти е ова.

Владо го удира Зоран по стомакот. Марта плачи. Таа доброволно ги дава рацете. Владо и клава лисици. Владо го зема токи-вокито.

ВЛАДО:

Линија.

ТОКИ-ВОКИ:

Кажи

ВЛАДО:

Викнете брза помоШ. Ристо е ранет. Ги фативме криминалците.

СЦЕНА 80

Брза помоШ тргнува од кај уредот.

СЦЕНА 81 ПАРАЛЕЛНО ДЕЈСТВИЕ

- Ели сама во куЌата. Се слуШаат сирени. Колите заминуваат. ТиШина е. Се слуШаат Штурци. Ели станува. Ѕирка надвор и излегува од куЌата. Вади мобилен. Телефонира.
- Ацо е во фичото скриен кај некои ниви. Мобилниот ѕвони тој го зема.

ЕЛИ:

ДоаЃај!

АЦО:

Кај си ?

ЕЛИ:

Во локалитетот.

АЦО:

Заминаа?

-Ели во локалитетот.

ЕЛИ:

Мажот ми!

АЦО:

шо?

ЕЛИ:

Го уапсија.

АЦО:

И сега?

ЕЛИ:

Морам во болница.

АЦО:

Златото?

ЕЛИ:

Го немаме.

СЦЕНА 82

Полициска станица. Марта ја носи еден полицаец. Зоран го носи друг полицаец. Тие се сретнуваат. Се гледаат. Влегува Киро. Киро се гледа со Марта. Киро со насолзени очи.

СЦЕНА 83

Ацо и Ели влегуваат во стан. Ели и е увото во завој.Тоа станот на Ацо. Во станот нема мебел освен еден кревет. Ацо веднаШ ја отвора
торбата и ги вади работите од неа.

АЦО:

Во тебе е мапата?.

ЕЛИ:

Не.

АЦО:

Сме ја оставиле.

ЕЛИ:

Мапата е од музејот. Тоа е доказ против

Зоран.

АЦО:

Мораме да бегаме од државата.

ЕЛИ:

Го немаме златото.

АЦО:

Златото е во полицијата. ќе го крадиме.

СЦЕНА 84

Владо во канцеларијата на Ели. Тука е Ели.

ЕЛИ

Не можам даповервам дека маж ми е замеШан во

тоа.

ВЛАДО :

И јас не верувам.

ЕЛИ :

Не ?

ВЛАДО :

Некој луЃе криат некој работи. Уценват малолетни

деликвенти. Им Шиткаат дрога без пари, за тие да работат за нив.

ЕЛИ :

СеуШте нема докази за тоа.

ВЛАДО :

ќе ја натераШ да признај, знајШ ти како.

СЦЕНА 85

Долг ходник. Зоран е напред врзан со лисици. Левата рака му е целата во завој. Зад него одат Ристо и Ацо. На Ристо десната нога му е врзана во завој. Одат по ходникот. Се слуШаат нивните чекори. Стигнуваат до вратата право.

СЦЕНА 86

Ели и Марта во некоја просторија. Марта е на сослуШување.

ЕЛИ:

То е се?

МАРТА:

ќе ме пуШтите?

ЕЛИ:

Не. Многу лажиШ.

СЦЕНА 87

Ацо, Ристо и Зоран влегуваат во мала просторија. Внатре има маса и две столици. Во ЌоШот има кофа со вода, на ѕидот има часовник. Тој покажува 10:00 часот. Ацо го става столот на средина.

Ристо го одврзува и го седнува на столот. Зоран пружа отпор.

АЦО:( на Зоран)

Кај го скри пиШтолот?

ЗОРАН:

Незнам. Не бев јас. Три дена не сум спан.

Жеден

сум.

Ристо ја зема кофата со вода.

РИСТО :

СакаШ вода ?

ЗОРАН :

Да.

АЦО :

ПиШтолот ? !

ЗОРАН :

Колку пати да повторвам ! ? Незнам. Сакам

вода.

Ацо го удира по лицето. Носот на Зоран му е во крв.

РИСТО:

СакаШе да бегаШ од државата ,а?

ЗОРАН:

Не.

РИСТО:

Кај планираШе да го носиШ златото.

ЗОРАН:

Не сум јас. (кон Ацо) Ти добро знајШ...

Ацо го удира со пендрак.Зоран е цел во крв.

ЗОРАН:

Ау.

АЦО:

Имаме доказ. Ја имаме мапата.

ЗОРАН:

Та ми ја украла. Не бев јас. Жеден сум.

Ацо му ја тура водата од кофата на Зоран.

АЦО:

Еве вода!? СакаШ уШте?

СЦЕНА 88

Марта со лисици ја изнесуваат од просторијата. Ели излегува по нив.

СЦЕНА 89

Ентериер. Истата просторија каде го испраШуваа.Зоран гледа во часовникот кој покажува 12:30 часот вратата ја отклучува некој. Влегува Ели. Увото и е покриено со косата. По неа влегува Ацо во униформа. Тој ја заклучува вратата од кога Ќе влезат. Ели носи актовка. Зоран станува.

ЗОРАН:

Ели!

Ели удира со актовката по маса.

ЕЛИ:

ЗнајШ ти будало една Шо напрај!

ЗОРАН:

Не бев јас.

Ацо го удира по стомакот.

ЕЛИ:

Има докази !

ЗОРАН:

Незнам како е можно.

Ацо се смее. Ели го погледнува. Тој престанува.

ЗОРАН :

Ниту сум криминалец, ниту сум манијак ! Барем ти

верваЈ ми !

ЕЛИ:

Да ти верваМ? Тебе?

Ацо му ги става на маса сликите од Зоран и Марта заедно. Ели вади лист од актовката.Ели вади лист од автовката.

ЕЛИ:

Барам развод.

ЗОРАН:

шо?

ЕЛИ:

Развод.

ЗОРАН:

А  твоите ?

ЕЛИ :

Не сакат да те видат.

ЗОРАН :

А моите ?

ЕЛИ :

За нив не ме интересира. ПотпиШи.

ЗОРАН :

Нема.

ЕЛИ:

Готово е.

Ацо му вперува пиШтол во слепоочницата. Зоран потпиШува.

СЦЕНА 90

Екстериер пред полициската станица.Марта и Владо излегуваат од полициската станица. Киро и Зора стојат настрана. Владо и Марта влегуваат во кола, заминуваат без нив. Киро и Зора се прегрнуваат.

СЦЕНА 91

Ентериер.Полициска станица. Ели и Ацо влекуваат во една соба. Таму
има сефови со пленети работи од полицијата.

АЦО:
57365

ЕЛИ:
Од каде ја знајШ Шифрата.

АЦО:
Се е средено. Прај како Шо ти велам.

Ели го врти клучот од сефот со броевите Што му ги кажа.

АЦО:
Јас Ќе излезам да видам дали има некого! ќе ти титнам на мобилен да знајШ кога да излезиШ.

Ацо излегува.

СЦЕНА 91

Ентериер.Марта сама во празниот стан на Ацо. Гледа низ прозорецот.

СЦЕНА 92

Екстериер пред полициска станица.Пред вратата стои Владо. Му дава два билети на Ацо.

ВЛАДО:
Бегај.

АЦО:
Каде е Марта?
ВЛАДО:
Ја однесов кај тебе.
АЦО:
Наместен е алармот.
ВЛАДО:
Се е подготвено.

Ацо со трчање излегува од полициската станица. Се слуШа аларм. Ацо влегува во фичото и заминува.

СЦЕНА 94

Ентериер. Станот на Ацо, тука е Марта. Ѕвони телефонот. Таа се јавува.

ГЛАСОТ НА ВЛАДО:
Тој тргна. Припреми се. Приклужи да се снима.
МАРТА:
Добро.

Се гледа дека Марта е озвучена.

СЦЕНА 95

Ентериер.Полициско комбе каде Ристо и друг полицаец слуШаат Што зборува Ацо.

СЦЕНА 96

Ентериер.Марта и Ацо во станот на Ацо. Се смеат. Марта во раката држи билети. Ги бакнува билетите. Со Ацо се прегрнуваат и се смеат.

МАРТА:
ќе одиме во Париз?
АЦО:
Цел свет е наШ?
МАРТА:
А каде е златото.
АЦО:
Во 17: 00 часот Ќе ни биде донесено.
МАРТА:
Ти си мојот експерт крадец.

Се бакнуваат.

СЦЕНА 97

Зоран излегува од полициската станица заедно со Владо. Надвор е ден. Времето е сончево.Насмеан е.

ВЛАДО:
Фала многу Што ни помогна.
ЗОРАН:
БеШе многу теШко. Жена ми не знаеШе.
ВЛАДО:
Сега знај.Зборвав со неа.
ЗОРАН:
А како откри за планот на Ацо?
ВЛАДО:
Тоа е тајна. Ти и Ели си ја заврШивте работата.

Се поздравуваат. Зоран влегува во црвениот опел. Заминува.

СЦЕНА 98
Екстериер. Предполицисквата станица. Полициско комбе тргнува на кај станот на Ацо.
СЦЕНА 99
Станот на Ацо. Марта и Ацо се облечени, чекаат со торбите в раце. Некој ѕвони на вратата. Ѕирка од дупката на вратата. Нема никого.
АЦО:
Кој е?
ВЛАДО: ( од зад вратата)
57365
Ентериер, станот на Ацо. Марта ги крева куферите.Ацо ја отклучува вратата. Пред вратата седат Владо и други двајца полицајци кои ги имаат вперено пиШтолите во Ацо. На Марта и паЃаат куферите.
ВЛАДО:
Уапсени сте.
АЦО:
Ме наместивте.
ВЛАДО:
Не. Само те откривме на време.
АЦО:
шо?Ме намести племето твое!
ВЛАДО:
Марта работеШе за нас. Документот за развод беШе лажен.Алармот го пуШтив јас..Друга е Шифрата.
АЦО:
И целата кражба беШе наместена од вас!
Владо го фрла црното кесе пред нозете на Ацо Златото паЃа на подот.
ВЛАДО:
Фатен си на дело, како бегаШ со злато.
Ацо ја грабнува Марта за вратот која е во негова близина. и го вперува пиШтолот во глава.
АЦО:
Или златото или нејзиниот живот.
Од една од собите излегува Ели. Таа е зад Ацо. Му пука во глава. Ацо паЃа и ја пуШта Марта.
СЦЕНА 1ОО
Екстериер. Пред зградата. Киро и Зора ја чекаат Марта. Таа излегува од зградата. Се стрчува кон нив. Ги прегрнува.
СЦЕНА 101
Станот на Зоран и Ели. Тие се прегрнати и гледаат вести. На екранот од телевизорот спикерот кажува:
СПИКЕРОТ:
Симнато е обвинението против Зоран Калинов. Денес фатен беШе во бегство полицаецот Ацо Поповски, заедно со златото кој по втор пат го крадел од полицијата. Тој одбивал да ја слуШа наШата полиција. Настанот заврШил со

несреЌен случај. Ацо Поповски е мртов.Ели
Калинова послем ова си заминува на долг
одмор. Таа
успеШно си ја изврШи задачата и пред време
ги откри намерите на полицаецот Ацо. Таа
кажува дека немаШе да успее без нејзиниот
сопруг Зоран Калинов, кој соработувал со
полицијата без таа да
знае.

СЦЕНА 102

Аеродром. Петровец. Скопје.

СЦЕНА 103

Ентериер во авионот.

СТЈУАРДЕСА:

ВаШиот билет.

ВЛАДО:

Повелете.

СТЈУАРДЕСА

Полетуваме за 15 минути.